Република Северна Македонија

**Инспекциски совет**

Арх. број: 03-80/2
Датум: 15.01.2024

До
[redacted]

**Предмет: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер**

**Врска (Ваш број):**

Почитуван [redacted]

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер и истото е прифатено со Решение за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, наш бр. 03-80/1 од 15.01.2024 година, чиј прилог е и овој Одговор.

Имено, Вие барате да Ви се достави во форма на електронски запис на посочената е-адреса [redacted] ,фотокопија од следната информација:

1. По моја преставка против Државниот просветен инспектор Гордан Трифуновки и целосно прифатени наводи во преставката од Инспекцискиот совет со УПП 16-273/2023 од 09.11.2023 год. добивте насоки за дисциплинска постапка против споменатото лице. Барам информација дали и кога е постапено по предлогот на Инспекциски совет, како е одлучено и колку вкупно дисциплински постапки до сега се водени против овој Државен просветен инспектор на предлог на Инспекциски совет? Барам да ми се достави Решението од постапката и заклучокот доколку истата е спроведена.

Со оглед на побараното од Ваша страна, Ве известуваме за следното:

- На 13.10.2023 година, со арх.бр. 16-958/2, од страна на Инспекцискиот совет до в.д. директорот на Државниот просветен инспекторат, г-дин Халид Ператов, е поднесена Иницијатива за утврдување на дисциплинска одговорност за сторен дисциплински престап против Државни просветни инспектори. На 02.11.2023 година до Инспекцискиот совет е пристигнато Известување од Државниот просветен инспекторат, со прилог: Предлог за покренување на дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност за сторен дисциплински престап. На 28.11.2023 година до Инспекцискиот совет е пристигнато Известување од спроведена дисциплинска постапка од страна на Државниот просветен инспекторат.

- На 09.11.2023 година, со арх.бр. 16-1095/1, од страна на Инспекцискиот совет до в.д. директорот на Државниот просветен инспекторат, г-дин Халид Фератов, е поднесено Барање за поднесување на иницијатива за поведување дисциплинска постапка против Државен посветен инспектор за сторен дисциплински престап против Државен просветен инспектор Гордан Трифуновски. На 10.01.2024 година до Инспекцискиот совет е пристигнато Известување од спроведена дисциплинска постапка од Државниот просветен инспекторат, со прилог: Решение за отфрлање на Предлог за поведување постапка за утврдување на дисциплинска постапка против државниот службеник Гордан Трифуновски бр.04-1362/19 од 27.12.2023 .

Во прилог на овој Одговор Ви доставуваме Решение за изрекување на дисциплинска мерка бр.04-1236/21 од 06.11.2023 година, Записник од седницата на Комисијата за водење на дисциплинска постапка за дисциплински престап бр. 04-1236/18 од 13.11.2023 година и Решение за отфрлање на Предлог за поведување постапка за утврдување на дисциплинска постапка против државниот службеник Гордан Трифуновски бр.04-1362/19 од 27.12.2023.

Искрено,

м-р Сашо Мержаноски,
Генерален секретар на Инспекциски совет

Подготвил/а: Андријана Алексова, советник

Проверил/а: Маја Срезоска, раководител на Сектор